**Микросам ДОО, светски бренд за производство на современи, компјутерски управувани машини за производство на композитни материјали, има потреба од нов стручен кадар:**

---

# Студентска пракса во МИКРОСАМ

---

**За Микросам:**

Микросам е светски-признат лидер во производство на Роботски и CNC машини за композитни производи (carbon fiber, glass fiber, etc.). Во 35-години Микросам има инсталирано над 340 производни линии во повеќе од 45 земји во светот, како Германија, САД, Русија, Јапонија, Кина, Индија, Израел и Кореа. Глобалните клиенти се водечки во авионска, вселенска, автомобилска, одбранбена и други индустрии, како и врвни истражувачки центри за модерни композити.  Заедно со Институтот за Современи Композити и Роботика имаме напредна лабораторија и правиме заеднички развој со бројни компании кои се лидери во примена на композити во светот. Дознајте повеќе на www.mikrosam.com

Доколку сте во потрага за започнување на вашата кариера во професионална компанија, Микросам нуди платена пракса со полно работно време за студенти од сите Технички факултети. Дознајте повеќе како би изгледала вашата кариера на www.careers.mikrosam.com

**Квалификации и компетенции:**

- Најмалку завршена втора година на некој од Техничките факултети
- Задолжително познавање на англиски јазик (познавање на друг јазик ќе се смета за предност)
- Способност за работа во тим
- Силни аналитички и организациски вештини
- Способност за прилагодување кон брза и динамича работна средина

**Што нудиме?**

- Платена пракса во времетраење од 2 месеци
- Работа со искусен ментор
- Амбициозен и професионален тим со големо искуство во врвни технички решенија
- Континуиран процес на учење преку работа на проекти
- Одлични услови за работа во креативна средина
- Можност за личен и професионален развој и зголемување на работното портфолио
- Можност за вработување на најдобрите практиканти
- Организиран превоз и храна
- Надоместок на трошоци за сместување

Праксата се обавува во нашите канцеларии во Прилеп

Испратете кратка биографија (CV) и мотивационо писмо преку полето за Брза Апликација.

Само избраните кандидати ќе бидат повикани на интервју.
Со аплицирање, се согласувате вашите информации да се чуваат во нашата база на кандидати во рок од 12 месеци.